1999

ANTICO

Женска граѓанска иницијатива Антико

2004

www.antico.org.mk



## ИСТОРИЈА НА АНТИКО

### Кои се основачи на Анитко?

Основачи на Анитко се учеснички на семинарот Жените и женското организиарње во изградба на мирот и цивилното општество во Република Македонија, како дел на програмата Жените и демократските процеси одржан во Септември 1999 година (во време на косовската војна и бегалската криза). Нејзини основачи се лидерки и активни жени од НВО од повеќе етнички групи и локални заедници на Р.Македонија: македонки, албанки, ромки, турчинки, србинки, босанки кои живеат и работат и кои се активни во женското движење на Република Македонија.

### Зошто го основавме Антико?

Идејата се роди спонтано, Бидејќи,откривме дека ние жени од повеќе култури имаме многу заедничко, а малку меѓусебно се познаваме. За време на овој семинар дојдовме до сознание дека ние, освен специфичните проблеми и потреби кои ги имаме внатре во нашите етноси, се соочуваме и со безброј проблеми и потреби кои се карактеристични за сите жени без разлика на нивното етничко и културно потекло, за кои ние сите заедно би можеле да зборуваме, работиме и да ги решиме.

Ние продолживме да работиме во нашите етнички НВО но создадовме истоврмено и еден сигурен заеднички простор за развивање на нашата заедничка цел: Подобрување на положбата на жените во македонското општетсво како целина, развојот на мултиетничките односи и соработка Пренесувајки ги стекнатите искуства и знаења во нашите НВО и иницирајќи мултиетничка соработка меѓу НВО на локално ниво Ние се среќававме редовно за време на нашите месечни состаноци, а истовремено организиравме и семинари за јакнење на нашите капацитети, фацилитирани од регионални тимови на едукаторки и истакнати активистки од женското движење од Македонија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и со поддршка на наште донатори Kvinna Till Kvinna, Pax Kristi, Star Network, Hard and Hand, Фондација Институт Отворено Опстество – Македонија, Норвешка Народна Помош и др.

### Како течеше нашиот раст и развој

По основањето во Септември 1999 година, ние одржавме еден заеднички семинар во Јануари 2000 година каде ги дефиниравме мисијата, визијата, целите и задачите. А до крајот на 2000 и во заеднички процес го изработивме нашето стратешко планирање, Со претставничките од Скопје, Дебар, Куманово, Гостивар и Тетово иницирамве и организиравме мултиетнички работилници во 5 градови на Република Македонија. Во работилниците учеснички беа жени од повеќе националности националности и структри (НВО, политички партии, образовни, здравствени институции, студентки, домаќинки, жени од локалната власт и други).





### Проширување на делувањето...

Доаѓајќи од оваа безбедна средина ние се чуствуваме способни и на другите жени да им го создадеме истото безбедно место. И така продолживме и го проширивме нашето делување преку работиолници и во Кичево, Битола и Крушево. Во текот на три месеци работевме со исти женски групи. Во овие циклуси гледавме интересен развој. Во почетокот жените се собираа и дружеа според своето етничко потекло, а потоа тие се дружеа и соработуваа со оние со кои можеа да ги споделат своите заеднички интереси без разлика на која етничка група и припаѓаа. Тимовите добро соработуваа, ги делеа знаењата, страхувањата, тремите, меѓусебно се охрабруваа и ја носеа одговорноста на иницијативите и активностите

### Развивање на моќта за прифакање на разликите...

Ние истовремено демонстриравме нов модел на женска соработка и поддршка, градејќи

нови интеретнички модели на работа со наметнување на важни женски теми од женските прашања во локалните заедници и во заедничката работа и поддршка,успеавме да ја развиеме сопствената моќ за прифаќање на разликите, надминување на предрасудите, создавање на пријателство, искреност, меѓусебно почитување и доверба. Преку овој вид на работа ги запознавме проблемите и потребите во локалните заедници.

## Јакнење на женскиот идентитет и моќ...

Истовремено делувавме и на нашите целни групи, ги освестувавме за женските прашања, родовата рамноправност, го јакневме нивниот идентитет, моќ и истовремено градевме мостови на заедништво, меѓуетничка толеранција, пријателство и доверба. Ова беше од големо значење за постоењето, развојот и резултатите на Антико.
Паралелно со проектните активности Антико одржуваше месечни состаноци и повекедневни заеднички семинари (12) за индивидуалното јакнење и меѓусебното запознавање на членките.

## Јакнење на сопствените капацитети

Во семинарите (одржани од постојаниот регионален тим на тренери), членките на Антико во континуитет стекнуваа знаења и вештини за лидерство, модерирање, фацилитирање, ненасилна комуникација и трансформација на конфликти, идентитет, моќ, родови и етницки стереотипи и предрасуди, родови прашања, родова рамноправност, женски права, феминизам и др.

## Пренесување на знаењата...

Сите добиени знаења и вештини ги пренесуваа преку мултиетнички работилници на своите целни групи и на членките на своите матични НВО во локалните заедници. Како резултат на мултиетницките работилници се иницираа и формирање на 9 нови женски НВО во локалните заедници каде што делувавме.





## Други фактори кои влијаеа врз нашата работа и определби....

Без разлика на воената криза во Р. Македонија блокадите, обвинувањата ние како мултиетничка неформална група успеавме да опстанеме и да ги сочуваме добрите пријателски односи во групата, редовно комуницираме и во тешките моменти успеавме да бидеме активни во 7 локални.заедници
Со поддршка на Kvinaa Till Kvinna и Pax Kristi во тоа време продолживме да ги одржуваме мултиетничките работилници (со исклучок на Тетово). Додека со поддршка на Фондацијата Институт Отворено Општетсво Макеоднија иницираме и одржавме 34 тркалезнин маси во 7 локални мултиетнички заедници на Република Макеоднија на тема: Жени во мултикултурни кризи Како да го сочуваме мирот - учесници на тркалезни маси беа мажи и жени од НВО, поилитички партии, локлна власт, медиуми, интелектsуалци и други авторитети со кои во време на воента криза успеавме да создадеме заеднички простор за отворен разговор на табу теми и барање на зедничка основа за соживот.
Освен тоа ние во овој период меѓу првите (1 Март 2001 година) напишавме апел за мир до сите јавни медиуми, на македонски, албански, турски и ромски јазик. Исто така ги поддржавме и ги потпишавме сите други апели и иницијативи за мир кои сметавме дека се важни. Активно учествуваме како партнери во широката национална кампања Мир без граници (кои продолзуваме и во 2003 и 2004 година како членка на коалициа - НВО контакт група за разоружување)

## Отварање на канцеларии во Скопје и Гостивар.

Во ова време со поддршка на Институт отворено општество Македонија (ФИООМ) и Пах Кристи отворивме и 2 канцеларии.Во Скопје (ФИООМ) и Гостивар (Пах Кристи). Ова одигра голема улога за јакнење на нашите капацитети, опстанок и успешно делување..

## Во што верувавме?

Ние сите кои останавме во Антико и сите тие кои ни се приклучија верувавме во себеси, бевме свесни за тешката ситуација во Македонија и покажавме дека сме спремни да го дадеме нашиот придонес за решавањето на некои тешкотии кои се јавуваат во нашето општество како последица на предрасуди стереотипи идруги фактори кои долгорочно влијаеле во создавањето на тензии кои можат да го загрозат мирот,стабилноста и демократијата и додатно да ги дискриминираат жените Ние верувавме дека дека жените и мажите имаат еднаква улога во изградбата на едно демократско општество. Веруваме во толеранцијата како најдобар начин за зачувување на меѓучовечките и меѓуетничките односи во едно мултикултурно општество.




## Евалуација.. заклучоци... одлуки...

Без разлика на многубројните активности,иницијативи проекти и резултати кои ги постигнавме како неформална група што не правеше,единствени и различни од другите сепак наидувавме и на одредени потешкотии Поради овие причини во Евалуативниот семинар кој го одржавме во 2002 година за нашето 4 годишно работење, со помош на надворешни евалуаторки дојдовме до заклучок дека во 2003 година треба да го формализираме нашето постоење, како правен субјект. и да иницираме формирање на НВО мрежа (иако и до тогаш ние во голем дел делувавме како неформална мрежа на индивидуалки кои доаѓат од НВО) која ќе продолжи да работи во областа на унапредувањето на положбата на жените преку препознавање и разбирање на нивните општи и специфични права и создавање на услови за еднакви можности за нивно активно вклучување во сите свери на општествениот живот. А паралелно со тоа и промоција на културата на мирот и и развој на мегучовечките и меѓуетничките односи во Република Македонија и пошироко.







## Кои беа и останаа наши принципи на работа....

Во Антико уште од почетокот се договоривме да интересите, способностите и одговорноста да бидат единствен рационален критериум за остварување на принципот на демократско ангажирање. Овие критериуми за време на 4 годишната работа во принцип се почитуваа од голем дел на нашите членки Антико делуваше и како мрежа на пријателки која не сакаше да ги изневери своите основни цели и затоа и како лабава структуирана група опстана 4 години активна во заедницата во зајакнувањето на жените и поделбата на знаењата и искуството реализирајќи голем број на активности и иницијативи.

## Мрежно работење.....

Во Август 2003 година 14 лидерки и активни жени од 14 НВО од 7 локални заедници на Р. Македонија превзедоа иницијатива и ја формализираа постоење и работа на Женската граѓанска иницијатива Антико во надлезните органи во земјата. АНТИКО стана правен субјект. Ова во едно значеше и формирање на мултиетничка НВО мрежа. Таа во овој период ја редефинира својата внатрешна структура и стратешко планирање, програми за работа; потпиша Меморандум за соработка со јасно дефинирани критериуми, кодекси на однесување и стандарди, принципи на работа, комуникација, внатрешни односи и релации.

## Членки на Мрежата....

НВО членки на мрежата: УЖ НОРМА-ФСкопје, ОЖР ЕСМА-Скопје, Шелтер Центар-Скопје, Кризен Центар- НАДЕЖ-Скопје, Женски Центар Гостивар, ЦЖП Етика-Гостивар, САЖМ огранок Куманово, ОЖ Кумановка, ОЖ Видик-Куманова, ОЖ Искра-Битола, УЖТ САБА-Битола, Престиж-Битола, АНИК-Кичево, ОЖА Кичево, Женски Центар Дебар, ОЖ Иднина-Пробиштип, ОЖ АВАЗ,-Крушево ОЖ Продолжен Живот-Струмица ОЖО Свети Николе,

## Градови каде активно делуваме.....

Скопје,Гостивар,Кичево,Дебар,Крушево,Битола, Куманово,Свети Николе,Пробиштип,Струмица.







## Организациска поставеност

Уште од почетокот на нејзиното постоење благодарение на постојаната едукација на активните членки на Антико од страна на истакнати експерти и активистки од женското движење од ЈУ-регионот и активната работа во континуитет во сите 7 локални заедници,овозможија да развиме професионален пристап, соодветни системи на планирање,мониторирање и евалуација на иницијативите и активностите, како и воведување на ефективни системи и процеси кои овозможуваат остварување на зацртаните цели.

**Структура**

Антико има Собрание,извршен одбор (координативно тело) надзорен одбор, 2 координаторки (кои во едно се и нејзини преставници) и две извршни канцеларии.

***Собранието е највисок орган - нејзе ја сочинуваат преставнички од НВО кои се членки на мрежата на Антико.***

Извршниот одбор(координативното тело) го сочинуваат 15 лидерки од женските НВО-членки на мрежата од локалните заедници на Р. Македонија.

Додека 2 те координаторки кои секогаш се од различна етничка припадност го преставуваат и го застапуваат Антико.

Извршните канцаларии во Скопје и Гостивар кои меѓусебно ја координираат својата работа ја сочинуваат персоналот на Антико кој работи согласно со задачите и обврските предвидени со внатрешните акти на Антико.Во персоналот на Антико го броиме и тимот од 14 постојани локални едукаторки - фацилитаторки кои долгорочно (од самото нејзино постоење) во континуитет работат во 7 локални заедници каде таа активно работи и делува.

## Идентитет на Антико

Антико беше и се уште останува група на жени кои себеси се дожуваат како визија која го менува светот низ солидарност, рамноправност, демократија, поддршка, меѓусебно познавање, заеднички простор за артикулација на секоја жена. Се спротивставуваат на моќта на самоволитео и ја критикуваат хиерархијата и автократското однесување на индивидуи во НВО секторот.

Идентитетот на секоја членка е со полно знаење и искуство. Која ја пренесува во работата на нејзината матична организација Додека нејзината моќ е во заедничкото активно вклучување во донесувањето на одлуките за превземање на иницијативи кои произлегуваат од потребите на целните групи, идентификувани од самите НВО членки

од 10 локални заедници.Тие истовремено се, иницијатори и имплементатори на нејзините активности,

## Мотивација
Мотивацијата на жените и женските НВО да се вклучат во Антико е од членувањето и наоѓањето на сигурност за сопствениот идентитет, функција, личните ангажмани, принципот на толеранција, кооперативноста, иницијативноста, преданоста, искреноста, довербата, отворениот разговор. Што се однесува до мотивацијата на членките во периодот на учеството за секоја членка периодот беШе различен и многу зависеше од динамичниот процесс низ кои поминуваше Антико. Повремненото паѓање на мотивацијата се јавувШе како последица на големиот отпор од некој други НВО субјекти од опкружувањето и тежината на политичката ситуација. Но и покрај тоа за членките на Антико од голема важност е тоа што токму тие и припаѓаат на оваа граѓанска мултиетничка иницијатива.




## Влијание
Антико директно и индиректно остварува позитивно влијание на ниво индивидуи, заедници и општество. Воспоставува примери и модели кои влијаеа и влијаат врз останатите актери во општеството.



## Интервизија
Антико е интервизиски тим. Интервизијата се остварува во редовни заедничките месечни состаноци во кои се делат информации, искуства, се евалуираат активностите и анализираат резултатите,проблемите и пречките користејки ги меЃусебните капацитети. Таа има и развиен cсстем на мегусебна комуникација помеѓу членките на локално и централно ниво.

## Финансиска поддршка
Антико уште од почетокот на нејзиното основање(1999) финансиската подршка ја остварува врз база на планирани годишни програми во чии рамки во континуитет се реализираат активности во 7 до 10 локални заедници во согласност со целите и стратескиот план,Освен тоа се обезбедуваат активности за јакнење на капацитетите на НВО членките. Но таа, обезбедува и дополнителни средства по поединечни иницијативи и активности кои ги превзема во согласност со нејзините цели и програмски определби.
Овој начин на обезбедување на финансиска поддршка на Антико и даде можност за планирање и остварување на процес на правилен раст и развој на своите активности како и подобрување на квалитетот



на услугите.
Финансиската поддршка во голем процент се остварува од Шветската фондација Kvvina til Kvinna и Холандската Пах Кристи додека дополнителни фондови се обезбедуваат и од други меѓународни и домашни фондации и организации.

**МИСИЈА: промоција на култура на мирот, преку општествено ангажирање на жените;**

Нашата работа и делување се темели врз база на Пекинската Декларација, Милениумските развојни цели и Резолуцијата на о ОН 1325 Жените, Мирот и Сигурноста







**Цели, форми на работа, програми, ,активности.....**

1. Унапредување на положбата на жените
2. Развој на меѓучовечките и меѓуетничките односи
3. Јакнење на капацитетите на Женските НВО – развој на Женското движење.

**АКТИВНОСТИ И ФОРМИ на работа преку кои Антико ги постигнува своите цели во согласност со нејзините програмски определби се:**

– едукација, обуки, информирање, промовирање, јавно застапување, родови истражувања, кампањи, лобирање во локалните заедници во Република Македонија и пошироко;
– иницирање на активности и соработка со НВО, локалната власт, политичките партии, медиумите и други релевантни институции на локално, државно и регионално ниво;
– поддршка и помош на женски НВО;
– создавање на простор за поддржување на женски иницијативи;
– иницирање и поддршка на мировни иницијативи на локално, државно и регионално ниво;
– креирање на сигурен простор за различностите во 7 мултиетнички локални заедници на Република Македонија преку одржување на работилници и друг вид активности за јакнење на женскиот идентитет и моќ, гендер едукација, женски човекови права, трансформација на конфликти, ненасилна комуникација и политичко јакнење на жените.
– иницирање на соработка и заеднички активности со НВО и мрежи од бившите Југословенски Републики и пошироко
– организирање и учество на студиски патувања, меѓународни семинари и други активности во меѓународно н..

## Програми, цели и активности.. .

Моментално Аннтико паралелно работи на 3 програми.

- Жените и општеството
- Мир со себе ,мир со сите
- Јакнење на женските НВО

**Жените и општеството**

Е одговор на влијанието на патриархалниот менталитет и наметнувањето на трдиционалните вредност и стреотипи кои ги потиснуваат женитена маргините на општествени процеси. Нашите иницијативи од оваа програма
Се усмерени на создавање на услови и можности за рамноправно уество на жените во јавниот, политичкиот, како и во сите други сфери на опстесвеното живеење Спроведувањето на активности во оваа област, влијаеме на зголемување на нивното свесност за вистинска положба во семејството и општеството како и јакнењето на женскиот идентитети моќ самодовербата, за превземање на инициативи за создавање на промени преку јавно и политичко ангажирање.

Програма Жените и општеството е насочена и кон подобрување на законската регулатива преку сензибилизирање и влијание во институциите за воведување на институционални механизми за постигнување на родовата еднаквост, која ке овозможи унапредување и заштита на женските човекови права и интереси, со што ке се даде придонес за формирање солидна база за создавање на исти права можности и одговорности како за мажите така и за жените.
Во рамкитена оваа програма,, реализирани се голем број на иницијативи со многубројни активности со 4 годиниот проект кој паралелно се







реализира во 7 локални заедници на Р Македонија
Работилници(2000-2004) за јакнење на женскиот идентитет и моќ- 560 работилници во 7 мултиетнички локални заедници на Р. Македонија 2 пати месечно со вкупно учество на над 5534 жени, работилниците беа дизајнирани од идентификуваните потреби на локалните жени.
Жените во политиката 1- организирање на 4 повекедневни семинари со учество на жени од 20 политички партии.(проектот е реализирана со партнер организација)иницирање на соработка меѓу жените од политичките партии и жените од НВО (организирање на 8 средби во локални заедници)и лобирање за формирање на женски форуми во партиските стуктури.
Борбата мора да продолжи и - женски стереотипи - 2002 година (со партнер организација)???
Родова анализа на програмите на политичките партии -истражување - 2002 година (анализа на програмите на 20 политички партии, печатење на публикација, организирање 10 фоллоњ уп средби во локални заедници со преставници од политичките партии, НВО локалната власт медиуми и други локални структури.)
Нашиот глас одлучува - 2002година - кампања (едукација на 23.000 гласачи од 76 рурални средини, одржување на 42 трибини на тема женски човекови права и дистрибуција на 40.000 едукативни и информативни промотивни материали)
Превземање мерки за превенција и елиминирање на насилството врз жените-2002 година (истражување, едукација на работен тим, работилници со жени жртви на семејно насилство и печатење на публикација со резултати од анкетното истражување во реонот на Гостивар).
Жените тоа го можат-политичко јакнење на жените 2002/2003 година

(7 семинари и 6 локални акции со вкупно 25 активности  на локално ниво иницирани од жени од политички партии, синдикати, локална власт и медиуми)
Достигнувања и предизвици – 2003 година (семинари, обуки и работилници во локални заедници) Во рамките на оваа иницијатива се одржаа 140 работилници во 34 рурални средини  од  7 те локални заедници . Учеснички на работилниците беа 1970  млади  жени и девојки темите кои се обработија беа од областа на  родовите концепти и женските човекови права.
Мир во себе– мир со сите – 2004 ( работилници, семинари  и обуки.)
Малдите жени тоа го можат – политичко јакнење 2004 година (6 семинари и 4 локални акции со млади од Младинските форуми на политичките партии и студентки од правните факултети)
За демократско општество рамноправен избор – предизборна кампања, истражување лобирање, јавно застапување за зајкнување на










положбата на жените во партиските структури, зголемување на бројот на жените советнички и градоначалнички, активно вклучување на жените во донесувањето на политички одлуки , едукација на женското гласачко тело– формирање на гласачка култура во 60 рурални средини од 10 локални заедници( едукација на околу 30 000илјади жени со право на глас).
Сензибилизирање на јавноста политичките и другите владини структури за потребата за воведување на институционални механизми за постигнување на рамноправноста помеѓу половите. (Закон за еднакви можности ,основање Министерство за рамноправност помеѓу половите, и воведување на функција Правобранител/ка за рамноправност помеѓу половите.) активности: посета на политички партии потпишување на меморандуми за соработка организирање на работилници дебати трибини и конференции со релевантни структури на локално и централно ниво.

**Програма ,,мир со себе мир - со сите".**
Програматае насочена кон промоцијата на културата на мирот и ненасилството, подобрување намеѓучовечките и меѓуетницките односи ,промоција на вредностите на демократијата дијалогот, толеранцијата ,трансформацијата на конфликти ненасилната комуникација,соживотот и зачувување на мирот
активности
Креирање на сигурен процтор за различностите,интеркултурно образование иницирање и подршка на  мировни активности, дефинирање на локални модели на работа,
Реализирани иницијативи
Во сите  локалните заедници каде сто Антико делува во континуитет




од 4 се години се организираат мултиетнички работилници. Активностите се имплементираат во групни процеси со фацилитирање и модерирање на цленките на Антико.Во работилниците се реализира интеракција меѓу различните култури во стекнуваат знаења  за идентитети, предрасуди стереотипи моќта вештините на ненасиллната комуникација и трансформацијата на конфликтите.Целни групи се жени од повеке структури, возрасти и националности – просветни и здравствени работници, локална администрација, студентки  домакинки , невработени  жени од рурални средини и др.
Освен работилниците на локално ниво Антико во рамките на оваа програма реализираше и 5 семинари за  членките на  мрежата на тема Трансформација на конфликти и ненасилна комуникација како и трен–







инг за обучувачки на тема ,,Комукациски вештини и фацилитирање,,
Во рамките на оваа програма Антико ницира и пдаде подрска на повеке мировни иницијативи на локално дрзавно и меѓународно ниво.
За време на воениот конфликт во Р. Македонија во рамките на иницијативата
Жените и мултикултурните кризи– жените го градат мирот Антико во локалните заедници на Р. Македонија меѓу првите организира 34 тркалезни маси и дебати каде учесници беа мажи и жени од НВО, политички партии, локална власт, медиуми, интелектуалци и други авторитети со што за време на воента криза успеавме да создадеме заеднички простор за отворен разговор на табу теми и барање на зедничка основа за соживот и решавање на проблемите по пат на дијалог.

**Програма: .Јакнење на капацитетите на Женските НВО - развој на Женското движење.**

Развој на женското движење, демократските процеси, и цивилно општество, преку јакнење на капацитетот на женскиот НВО сектор во локалните заедници и мрежното работење, дистрибуцијата на информации,организирање на семинари, тематски работилници, средби, трибини и дебати
Сакавме да влијаеме на јакнењето на НВО на нивните организациони капацитети со цел да се интегрираат во заедницата преку активно и
и ефективно делување,вклучувајки што поголем број на членки и волонтерки.

Активности:
Во рамките на оваа програма Антико за женските НВО членки и соработницки на ммрежата како и други нво од локалните заедници кои работат на женските прашањаво текот на 4 години организира 18 семинари на теми кои се од големо значење за индивидуалниот развој на цленките и јакнењето на нивниот организационен капацитет на нивните НВО. Во овие семинари и едукации се добиа знаења и вештини, кои имаа за цел дадат придонес за ефективно имплементирање на иницијативите и активностите од областа на концептот на односите меѓу родовите, женските човекови права јакнењето на женскиот идентит и моќ мрежното работење, контактите со јавноста, организирањето на кампањи, лобирањето, ненасилната комуникација, женското активизам и организирање организирање, лидерство фацилитирање , модерирање ,тимскаработа жените и политиката, насилството врз жените и др.
Во рамките на оваа програма 2002 год. Се реализира едногодишниот проектот; Мобилен едукативен центар каде мобилни едукативни тимови на Антико организираа едукација на активните цленки и волонтерки на женските НВО како и женски групи од 8 локални заедници. Преку оваа активност се едуцираа 140 членки од 16 НВО. Како резултат на активностите на локално ниво освен другите постигнати резултати се иницира и се формираа 9 нови женски групи.

Женска Граѓанска Иницијатива АНТИКО
Женска НВО мрежа

antico@mt.net.mk
www.antico.org.mk

Канцеларија Скопје
Ул: Тале Христов 1/9
1000 Скопје
Тел ++389 (0)2 2611 130 | 260 11 12
Fax ++389 (0)2 2611 130

Kancelarija Gostivar
Bul. Braka Ginoski b.b.
1230 Gostivar
Tel/faks ++389 (0)42 212 810